## 1.2. Економска активност

***Во септември 2003 година е регистриран висок месечен пораст на индустриското производство од 71,9%...***

Индустриското производство како еден од основните индикатори за економската активност во македонската економија, во септември 2003 година оствари исклучително висок месечен пораст од 71,9% (највисок месечен пораст анализирано од 1994 година). Притоа, треба да се има предвид вообичаеното заживување на индустриската активност по летниот период и ниската споредбена основа од претходниот месец (кога беше регистриран голем месечен пад). Сепак, високиот месечен индекс е незанемарлив и делумно се должи на зголеменото производство кај позначајните групи на индустриски производи (од аспект на структурното учество во вкупното индустриско производство). Така, висок пораст е регистриран кај производството на нетрајни производи за широка потрошувачка и интермедијарни производи, освен енергија (за 2,9 пати и за 57,9%, соодветно). Секторски набљудувано, зголемување на производството е регистрирано во секторот вадење на руди и камен (за 4 пати) и во секторот преработувачка индустрија (за 74,0%), кој опфаќа 89,9% од вкупното индустриско производство, додека во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода е регистриран месечен пад на производството од 1,9%. Во рамки на преработувачката индустрија, висок пораст оствари производството на прехранбени производи и пијалоци (за 3,6 пати), што главно се должи на зголеменото производство на вино, детерминирано од добриот сезонски род на гројзето. Истовремено, производството на основни метали оствари висок месечен пораст (за 2,1 пати), што главно произлегува од ниската споредбена основа, но и поради повторното активирање на Велешката Топилницата.

Графикон 4
Динамика на индустриското производство
(во %)




***...при висок годишен пораст од 33,5% и умерен кумулативен пораст од 7,3%***

Согласно високото месечно зголемување, во септември 2003 година, индустриското производство оствари и висок меѓугодишен пораст од 33,5%. Така, на годишна основа, повисоко е производството на нетрајни производи за широка потрошувачка, интермедијарни производи и на енергија. Кумулативно анализирано, во првите девет месеци од 2003 година, во однос на истиот период од претходната година, физичкиот обем на индустриското производство оствари пораст од 7,3%, што е за 3,6 процентни поени повеќе од кумулативниот пораст регистриран во претходниот месец. Притоа, висок кумулативен пораст оствари производството на нафтени деривати (од 72,3%) и производството на основни метали (од 70,8%).

***Во авїусӣ 2003 їодина беше реїисӣриран месечен ӣорасӣ на реализацијаӣа на земјоделскиӣе ӣроизводи (од 28,2%)***

Реализацијата на земјоделските производи од сопствено производство на земјоделските претпријатија и задруги во август 2003 година[1] беше повисока за 28,2% во однос на претходниот месец и достигна 410 милиони денари, што претставува најголем износ регистриран од почетокот на годината. Порастот главно се должи на зголемената месечна реализација на овошје и грозје (за 3 пати), имајќи предвид дека поволните временски услови детерминираа добар род на овошјето и особено на грозјето. Кумулативно анализирано, реализацијата на земјоделските производи во периодот јануари-август 2003 година, во споредба со истиот период од претходната година, беше пониска за 26,8% и изнесуваше 2.275 милиони денари. Со исклучок на реализацијата на овошјето и грозјето и реализацијата на рибата каде е регистриран пораст од 38,4% и 12,4%, соодветно, реализацијата на останатите категории на земјоделски производи бележи пад. Од друга страна, вкупната вредност на откупените земјоделски производи од индивидуалните земјоделски производители во август 2003 година изнесуваше 180 милиони денари, што е за 71,6% помалку од претходниот месец. Високиот пад се должи на намалениот откуп на повеќето земјоделски производи, при што најголем пад бележи откупот на житните растенија (за 93,2%). На кумулативна основа, вкупната вредност на остварениот откуп во периодот јануари-август 2003 година изнесуваше 3.548 милиони денари и во однос на истиот период од 2002 година беше пониска за 27,0%.

Графикон 5
Реализација и откуп на земјоделски производи
(во милиони денари)




***Во авїусӣ 2003 їодина беше реїисӣриран їодишен и кумулаӣивен ӣорасӣ на вкуӣниоӣ ӣромеӣ во ӣрїовијаӣа од 58,6% и 28,5%, соодвеӣно***

Вкупниот промет во трговијата во август 2003 година[2] изнесуваше 16.299 милиони денари и беше понизок за 4,9% во однос на претходниот месец. Падот е последица на намалениот месечен промет во трговијата на мало и трговијата на големо (за 1,7% и за 6,3%, соодветно), при висока споредбена основа од претходниот месец кога беше остварен највисок вкупен промет во трговијата. И покрај регистрираниот месечен пад, вкупниот промет во трговијата на годишна и кумулативна основа беше повисок за 58,6% и за 28,5%, соодветно.

[1] Последен расположлив податок од Државниот завод за статистика
[2] Последен расположлив податок од Државниот завод за статистика

Графикон 6
Промет во трговија
(во милиони денари)




***Регистриран висок месечен пораст на вредноста на договорените и извршените градежни работи во август 2003 година***

Во август 2003 година[3], беше регистриран висок месечен пораст на вредноста на договорените и извршените градежни работи (за 2,2 пати и за 50,0%, соодветно). Порастот делумно се должи на ниската споредбена основа од претходиниот месец, кој се карактеризираше со намалена градежна активност. На годишна основа, вредноста на договорените градежни работи беше пониска за 38,8%, додека вредноста на извршените градежни работи беше повисока за 2 пати. Кумулативно анализирано, вредноста на договорените и извршените градежни работи бележи пад од 17,6% и 19,2%, соодветно.

Графикон 7
Договорени и извршени градежни работи
(во милиони денари)




[3] Последен расположлив податок од Државниот завод за статистика